Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - ЗМКГБ Скопје
тел. 02 3116-066, лок. 135, лок. 136, факс. 02 3118-834, http://www.macold.org.mk
Адреса: Градежен факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј,
бул. Партизански одреди, 24, 1000 Скопје, Република Македонија
Жиро сметка: 300000001888141, ЕДБ/МК: 4030002505887 Комерц. банка АД-Скопје

До:

Потенцијалните учесници на стручна екскурзија во мај/јуни 2017 во Австрија

Предмет: Уплата на аванс за стручна екскурзија со посета на брани и други хидротехнички објекти во Австрија, 28.5-3.6. 2017 година

За спроведување на оваа активност, во февруари, беше остварен контакт со колегите од ATCOLD, од каде е добиен предлог на термини и локации на хидротехнички објекти (прилог 1), по кој се набавени понуди од туристички агенции. Претседателството на ЗМКГБ, на 21. седница, одржана на 14.3.2017 одлучи да се прифати понудата од туристичката агенција САВАНА на износ 27,838.00 денари/лице, (прилог 2). Претседателството на ЗМКГБ одлучи од фондот на ЗМКГБ да се партиципира со 3,000 денари за секој учесник, така што чинењето за секој учесник ќе изнесува **24,838.00** денари.

Со цел, успешно да се спроведе стручната екскурзија, ќе треба да се направат следните работи:

(1) Секој што планира да учествува на стручната екскурзија, најдоцна до **13.4.2017** година, (датум до кој агенцијата може да ја гарантира понудата), да уплати аванс во износ од околу 40%, односно **10,000.00** денари/лице, кој е неповратен во случај учесникот да се откаже од стручната екскурзија, и фотокопија од пасошот. Авансот би се рефундирал од агенцијата само доколку не се реализира екскурзијата.

(2) Уплатата на авансот, како и на остатокот од 14,838 денари, најдоцна до **5.5.2017**, да се направи исклучиво во туристичката агенција САВАНА. Веднаш после уплатата, да биде известен техничкиот секретар на ЗМКГБ, Стевчо Митовски, по телефон 070-254-121 (или по е-пошта smitovski@gf.ukim.edu.mk), со цел да се ажурира списокот на првите 40 учесници на стручната екскурзија.

(3) Доплата за еднокреветна соба изнесува 7,900.00 денари, а треба да се пријави во агенцијата при уплата на авансот.

(4) Прелиминарната листа на учесници ќе биде составена од првите 40 кои уплатиле аванс. Откако ќе биде пополнет наведениот број, во туристичката агенција ќе се примаат дополнителни уплати за авансот, само доколку е парен бројот на учесниците и помал од максималниот број на седишта во автобусот, со што ќе се добие конечната листа.

Ја користам оваа пригода, во името на членството на ЗМКГБ, да се заблагодарам на компаниите и институциите - традиционални поддржувачи на нашите активности, на нивните донации, без кои не би била можно организирањето на научни советувања и стручни екскурзии од страна на ЗМКГБ, со надеж дека нашата соработката и во иднина ќе биде успешна.

Скопје,
16.3.2017 година

Претседател на ЗМКГБ

Проф. д-р Љупчо Петковски